# Што е потребно за упис во регистарот

Лице кое добило уверение за сметководител односно овластен сметководител стекнува право за вршење сметководствени работи со уписот во Регистарот на сметководители односно Регистарот на овластени сметководители (Закон за вршење сметководствени работи член 18). Уписот во регистрите го врши Институтот врз основа на барање поднесено на пропишан образец кон кое задолжително се приложуваат следните документи:

- уверение за сметководител односно овластен сметководител во копија,
- потврда од Централен регистар на Република Македонија дека не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност, во оригинал или копија заверена на нотар и
- доказ за уплата на членарина.

Уверението за сметководител, односно за овластен сметководител во копија се обезбедува од евиденцијата на Институтот. Овластеното службено лице од Институтот кое ја води постапката за упис во регистрите е должно документот од Централен регистар да го обезбеди по службена должност во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. Овластеното службено лице од Централниот регистар од кого е побаран документот е должно истиот да го достави до Институтот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Формата и содржината на барањето ја пропишува Министерот за финансии. Барањето за упис во регистарот се поднесува во рок од 60 дена од денот на стекнување на уверението за сметководител односно овластен сметководител, во спротивност истото се губи правото на упис во регистарот (Закон за вршење сметководствени работи, член 18, став 8).

***Институт за сметководители и овластени сметководители***

***Адреса: Ѓуро Стругар бр.5 (зграда Технометал Вардар) кат 1, локал 132/133***

***Жиро сметка: 380177109305138,***

***Деподент: Прокредит Банка***